ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ бр. 46/20-5
27.02.2020 година
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за производство, промет и услуги
СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0507-156/1
04.03 2020 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

За јавна набавка на масло за горење екстра-лесно (ЕЛ-1)

Склучен на 27.02.2020 година, помеѓу:

НАБАВУВАЧОТ: Основен суд Крива Паланка-Крива Паланка, со седиште ул."Св. Јоаким Осоговски", бр. 142, со ЕМБС 4027434 и ЕДБ 4015945101778, застапуван од Претседателот на судот Љубица Цветковска Стојановска (во натамошниот текст: договорен орган), и

ПОНУДУВАЧОТ: Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ, увоз-извоз, Скопје, со седиште во Скопје на Булевар 8-ми Септември бр. 20/И-ДП1, со ЕМБС 4258339 и ЕДБ 4030991106643, застапуван од управителот на друштвото Владимир Стајиќ (во натамошниот текст: носител на набавката).

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка (продажба-купување) на масло за горење екстра-лесно (ЕЛ-1) за потребите на договорниот орган, согласно со огласот бр. 01491/2020 на ЕСЈН и одлуката за избор на најповолна понуда СУ бр. 46/20-4 од 19.02.2020 година, во вкупно количество од 12.000 (дванаесет илјади) литри, за централно затоплување на работните простории на судот во тековната 2020 година.

Набавката на предметот на договорот е сукцесивна зависно од потребите на договорниот орган и истиот го задржува правото да не ја набави целокупната предвидена количина.

## II. ИСПОРАКА И ПРИЕМ НА СТОКИТЕ

Член 2

Носителот на набавката се обврзува договореното количество масло за горење - предмет на овој договор, да го испорачува сукцесивно, согласно со потребите (нарачките) на договорниот орган, а договорниот орган е должен испорачаната стока да ја прима.

Носителот на набавката е должен екстра-лесното масло за горење ЕЛ-1 да го достави франко до седиштето на Основен суд Крива Паланка во рок од 3 (три) дена, по предходно доставен налог (писмена нарачка) од страна на Основен суд Крива Паланка.

Договорниот орган доколку се посомнева во квалитетот на испорачаната стока, го задржува правото да испрати примерок од испорачаната стока на анализа за квалитет во референтна лабараторија.

Количината на испорачаното масло за горење ќе се фактурира со соодветна фактура, проследена со испратница, или друг документ потпишан од овластените лица за испорака на маслото за горење.

Член 3

Договорниот орган се обврзува приемот на стоката да го потврди на придружниот документ од носителот на набавката, со внесување на личните податоци на лицата овластени за прием на стоката кај договорниот орган.

Член 4

Испораката на маслото за горење ќе се врши најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на писмената диспозиција за видот на горивото (масло за горење) и количеството, на местото на испорака - седиштето на Основен суд Крива Паланка.

Испораката на горивото предмет на овој договор, носителот на набавката ќе ја врши со обезбеден транспорт со автоцистерни, опремени со баждарени волуметри-мерачи и технички персонал, а неговата квантитативна проверка ќе се врши при примопредавањето.

Член 5

Договорниот орган може да го рекламира количествата на испорачаното масло за горење, утврдени според мерењата и спецификацијата во документот кој ја следи стоката кај носителот на набавката, во рок од 5 (пет) дена од пристигнувањето на стоката од истоварното превозно средство, додека во поглед на квалитетот, рекламација на испорачаното масло за горење ќе се врши во рок од 5 (пет) дена од извршената проверка на квалитетот на горивото од страна на овластена лабараторија, врз основа на писмен документ за проверка на квалитетот.

Договорниот орган е должен да изготви записник за утврдените разлики меѓу декларираното и најденото количество и кавалитет на стоката. Записникот мора да биде потпишан од овластените лица од договорниот орган и од претставникот на носителот на набавката.

Носителот на набавката ја разгледува рекламацијата и најдоцна во рок од 8 (осум) дена го известува договорниот орган за основаноста на рекламацијата.

Член 6

Маслото за горење-екстра лесно (ЕЛ-1), предмет на овој договор поседува најмалку квалитет во согласност со Правилникот за квалитет на течни горива на Р. Северна Македонија.

За својствата на маслото за горење предмет на овој договор, носителот на набавката е должен при испораката да обезбеди и да приложи уверение.

Приговор на квалитетот на маслото за горење се доставува до носителот на набавката, веднаш, или најдоцна во рок од 5 (пет) дена од извршената проверка на квалитетот на горивото од страна на овластена лабараторија.

Носителот на набавката е должен во рок од 8 (осум) дена да преземе мерки за решавање на приговорот.

Член 7

Рекламациите кои не се направени во предвидените рокови со овој договор, носителот на набавката не е должен да ги разгледува и да постапува по нив.

ЦЕНИ, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Цената на маслото за горење екстра - лесно (ЕЛ - 1), предмет на овој договор, по спроведената Е - аукција изнесува 32.98 денари (триесет и два денари и деведесет и осум дени) за 1 (еден) литар масло за горење без вклучен ДДВ, (првичната цена во понудата е 38.98 денари - триесет и осум денари и деведесет и осум дени) за 1 литар без (ДДВ), односно за количеството од 12.000 (дванаесет илјади) литри, вкупна цена без вклучен ДДВ од 395.760,оо (триста деведесет и пет илјади седумстотини и шеесет) денари, или со вклучен ДДВ од 71.237,оо (седумдесет и една илјада двесте триесет и седум) денари, вкупен износ од 466.997,оо (четиристотини шеесет и шест илјади деветстотини деведесет и седум) денари.

Член 9

За испорачаната стока, договорниот орган е должен да му ја плати на носителот на набавката фактурираната цена

Носителот на набавката се обврзува фактурирањето на испорачаната стока да го врши согласно со овој договор.

Цените ќе се менуваат во согласност со Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати, согласно со методологијата која ја донесува Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија, од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, и тоа на следниот начин:

Регулаторната цена важечка на денот на испораката, намалена за процентот на намалување постигнат на е-аукцијата (процент на рабат), кој ќе се засметува при секоја промена на цената на Регулаторната комисија, а кој изнесува 15,3925 % проценти.

Член 10

Договорниот орган е должен плаќањето да го изврши вирмански, во рок од 30 (триесет) дена, од доставување на секоја поединечна фактура до договорниот орган, за секоја поединечна испорака.

Доколку договорниот орган плаќањето го врши после рокот утврден во став 1 на овој член без оправдана причина, носителот на набавката има право да засмета и наплати камата согласно со закон, сметано за целиот период на доцнење, а доколку носителот на набавката задоцни со испораката на стоката, без оправдана причина, или истата не е со пропишаниот квалитет, должен е на договорниот орган да му ја надомести причинетата штета.

## IV. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Член 11

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за превземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозмоуваат исполнувањето на договорот.

Како случаи, настани и околности предизвикани независно од волјата на договорените страни се сметаат: војна, воени дејствија, мобилизација, штрајк, пожар, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кои во значителна мера ќе го оневозможат континуираното снабдување со нафтени деривати, како и во други случаи што непосредно влијаат врз извршувањето на обврските.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Овој договор стапува во сила од моментот на неговото потпишување од овластените претставници на договорните страни и важи до крајот на 2020 (31.12.2020) година.

Член 13

Сите евентуални спорови по овој договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а доколку тоа не се постигне, за нивното решавање е надлежен Основниот граѓански суд Скопје - Скопје.

Член 14

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА,
Друштво за производство, промет и услуги „СУПЕРТРЕЈД", ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје
Управител,
Владимир Стајиќ

(печат и потпис)

ДОГОВОРЕН ОРГАН,
ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Љубица Цветковска Стојановска

(печат и потпис)